271.2-42

**Стефан ГОГОВСКИ**
Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“
Универзитет „Св. Кирил и Методиј во Скопје

# МУДРОСТА ПРЕКУ ХРИСТИЈАНСКО-ЕТИЧКАТА ПРИЗМА. ЗА ЕДНА ГРАДИТЕЛКА НА ЧОВЕКОВОТО БИТИЕ

## 1. Пролегомена: начинот на структурирање и етичкиот пристап кон анализирање на мудроста

Долгогодишните теолошко-научни анализи, низ призмата на христијанско – етичката мисла, преку деталната обработка на формативните елементи кај човекот, јасно го дефинираат значењето на мудроста како суштински дел од човечкото битие во целост, сместувајќи ја мудроста во срцето на човековото расудување и човековиот интелект. Всушност, нејзиниот идентитет е длабоко вкоренет во моралната свест и истиот е дефиниран како есенцијален кога се во прашање човековата зрелост, односно неговиот развој, донесувањето одлуки, размислувањето итн. Но, се раѓа прашањето: Дали мудроста е вроден елемент кај човекот или е нешто коешто се добива со созревањето? За одговор на ова и слични прашања, фокусот на следната анализа е насочен кон христијанската етика која преку својот керигматички и пасторален карактер, организираната дисциплина на знаења во однос на учењата и етосот на православието, за разлика од секуларната Virtue Ethics,[1] нуди детални објаснувања поврзани со сето она што претставува дар Божји, карактерни човечки особини, формативни елементи насочени кон зрелост на секој поединец посебно и слично.[2]

[1] Сп. J. Woodill, *The fellowship of life. Virtue ethics and Orthodox Christianity*, Washington 2002.

[2] Евидентна е разликата помеѓу секуларната и христијанската етика во тоа што за православната теологија, доброто во Светото писмо и

Философската рефлекција поврзана со морални прашања го предизвикува секој етичар суштински да пристапи кон елаборирање на мудроста, бидејќи таа претставува нераскинлив човеков елемент и воедно, да понуди една јасна слика за сето она што истата претставува, односно како се манифестира, рефлектира и созрева. Всушност, рациото кај човекот дава до знаење дека не се потребни посебни морални квалификации за да се расудува на темата поврзана со мудроста, исто како што не значи дека да се биде добар е само прашање на волјата, бидејќи, доколку, на пример, не дејствуваме според моралните параметри во дадена ситуација, тоа не значи дека виновноста е препишана на волјата и неуспехот е само нејзин.[3]

---

Предание е дефинирано со, во и преку Бог, односно Троичниот Бог не е само извор на доброто, но Тој во својата суштина е добар. Појдувајќи од тоа, се афирмира фундаментот на христијанската етика – Бог, што значи дека за православната етичка мисла доброто не може во никој случај да е апсолутизирано или релативизирано преку одредени практики и критериуми за моралниот живот, базирани на човечки параметри и норми. Предвечниот Бог е Врховното Добро (*Summum Magnum*), што значи дека доброто само по себе не е идеја, туку реалност. Сепак, не би можеле потполно да го спознаеме доброто, односно Бог, бидејќи Божјата *ousia* за нас луѓето во суштина е неразбирлива и недефинирана. Затоа, апофатичниот пристап во разбирање на Врховното Добро во теологијата е прилично застапено, односно преку него ги спознаваме квалитетите и карактерните димензии на Божјата природа, т.е. тоа што Бог е: несотворен, беспочетен, непроменлив итн. Христијанскиот православен поглед преку апофатичниот пристап го идентификува доброто со човечката цел, намера и потенцијал. Бидејќи човечките битија постануваат вистински личности во онтолошка смисла преку преобразениот живот, или подобро речено преку крштението и светотаинскиот духовен живот, Божественото добро не може да се смести, односно ограничи во човечки категории. Заради тоа, доброто за човечкото битие е и трансцедентно и иманентно, што значи дека доброто од Бога е и човечко добро, односно не е хетерономо, ниту страно, туку е идентично со она што навистина значи да се биде човек во полнота – личност. Во егзистенцијална смисла, тоа значи дека човечкото битие да стане потполна личност, треба да постане како Бог. За повеќе информации сп.: G. Mantzarídes, *Christianike Ethike*, Thessaloniki 1971, 33.

[3] Како што забележува Харакас, само Божјата волја е совршена и прецизна, затоа што е одраз на Божјото битие, т.е. Бог е Совршен во суштина, додека кај човекот созревањето на свеста, а преку неа и на волја-

Како што може да се согледа досега, нормите на расудување и дејствување се комплексни и не е доволно да се пристапи кон нивно дефинирање само од една или од друга гранка на која било од науките, кои го имаат во фокусот човекот и сето она што го дефинира како таков. Токму затоа, во следнава анализа, како еден мал придонес кон решавање за тоа што точно претставува мудроста, го користиме етичкиот пристап.

**2. Краток осврт на етимолошките особености**

Осврнувајќи се етимолошки за момент, се согледува дека терминот мудрост во латинската терминологија е опишан како prudentia[4] или sapientia,[5] односно додека prudentia значи да си претпазлив, да размислуваш мудро во постапките, sapientia означува знаење – акумулирано познавање на многу нешта, или пак, со други зборови, ја означува насобраната мудрост низ призмата на интелектуалната софистикација. Во грчкиот јазик, термините за мудрост се два: φρόνησις – практична предвидливост и Σοφία, односно морална, трансцедента мудрост, знаење, способност за донесување разумни одлуки придржувајќи се кон моралните, односно етичките правила и норми.

Значењето на дел од термините споменати погоре, коренспондираат со мислата дека мудроста се здобива преку развивање на интелектуалниот елемент кај човечкото *ratio*, мисла од која е родена философијата на Аристотел поврзана

та е долготраен процес кој може да се одвива долж целиот живот. Човекот слушајќи ја Божјата волја, која сама по себе е добра, расте и созрева во доброто. За повеќе информации сп.: S. S. Harakas, *Toward transfigured life*, Minneapolis Minnesota 1983, 25.

4 «prūdentĭa: A *foreseeing*; *Acquaintance* with a thing, *knowledge* of a matter, *skill* in a matter; *Sagacity*, *good sense*, *intelligence*, *prudence*, *practical judgment*, *discretion*» in C. T. Lewis – C. Short, *A Latin Dictionary*, Oxford 1879, Section P, website 2012, http://www.perseus.tufts.edu/hopper/text?doc=Perseus%3 Atext%3A1999.04.0059%3Aentry%3Dprudentia (acces sed 19 August 2019).

5 «săpĭentĭa: g*ood taste*, i. e. *good sense*, *discernment*, *discretion*, *prudence*, *intelligence*; *Wisdom*, = σοφία» in Ibid., Section S.

со темата за практичната мудрост,[6] што во суштина има двојно значење. Со други зборови, ваквиот пристап кон анализа на мудроста, го подвлекува фактот дека мудроста не се здобива само преку учењето, односно здобивањето на знаење, туку појаснува дека и обичниот човек без многу познавања од многу области може да е мудар и да донесува мудри одлуки во дадена ситуација, односно да знае што е добро а што зло и како правилно да постапи, затоа што доколку правењето на добро и избегнувањето на злото не се базира на етосот на животот, ќе станува збор за чист интелектуализам.[7]

### 3. Мудроста во Стариот завет со акцент на Старозаветната книга Изреки

Се раѓа следново прашање: од каде потекнува мудроста и што, всушност, претставува таа во суштина? Пристапувајќи историски, се согледува од Природниот Закон дека мудроста е еден вид вродено својство кај човечкото битие и е во листата на многубројните дарови Божји како што се совеста, слободата итн., благодарение на тоа што човекот е создаден според образ и подобие Божјо (Бит. 1, 27), односно од Божјата премудрост (1Кор. 2, 7). Тогаш, земајќи го како појдовна точка фактот дека човекот не е *Tabula rasa*, туку е создаден според образ и подобие Божјо, истата јасно ни дава до знаење дека нему му е дадена еден вид привилегија во споредба со сите останати созданија, односно дарови преку кои Бог татковски ја покажува својата љубов создавајќи го човекот сличен на Него, обдарувајќи го со бројни доблести кои го прават најсовршеното создание на Земјата меѓу сите останати созданија во неговата апофатична несовршеност. Всушност, во Стариот завет, поточно во книгата Изреки напишана од јудејскиот крал Соломон, која преку нејзините страници сугерира силна претпазливост за комлексноста на

[6] Aristotele – G. Giannantoni (ed.), *Etica Nicomachea*, 7 vol., Bari 1973, Z 7, 1141 a 12.

[7] Сп. S. S. Harakas, *Toward transfigured life*, Minneapolis Minnesota 1983, 229.

моралното расудување,[8] книга наречена од страна на поединисколари *Столбот на мудроста во еврејската Библија,*[9] стои напишано: „Човекољубивиот дух е мудрост; нема да го остави неказнет оној што богохулствува со својата уста; Бог е сведок на неговите внатрешни чувства, вистински гледач на неговото срце и слушател на неговиот јазик“ (Изреки 1, 6-7), стихови кои го потврдуваат изворот на мудроста и неговата природа – Бог, односно Светиот Дух на премудроста (Изреки 1, 5), вистинскиот гледач на човековото срце. Исто така, понатаму низ стиховите стои напишана потврдата дека мудроста произлегува од разумноста, од разумот, од зрелиот ум (cf. Изреки 8, 5), додека «почеток на мудроста е стравот Господов, и познавањето на светиот е разум» (Изреки 9, 10).

Ако за момент го насочиме фокусот кон анализирање на книгата Изреки, тогаш доаѓаме до една навидум едноставна слика за тоа како се манифестира и дефинира мудроста, првенствено пред Христа помеѓу еврејскиот народ, а исто така и за што точно служи таа. Имено, доколку навлеземе површно да ги анализираме стиховите, односно главите од книгата Мудрост Соломонови изреки, се забележува дека постои еден вид борба помеѓу доброто и злото, а како граница која ги дели овие две нешта стои токму мудроста, односно додека разумниот човек преку мудри одлуки се стреми кон доброто, го разбира Божјиот збор и на тој начин се стреми кон спасение, неразумниот пак, или подобро речено пасивниот, нетрудољубивиот човек, незаинтересираниот за промена, е вовлечен во виорот на злото, и како таков се оддалечува од Божјиот пат. Имајќи предвид дека книгата Изреки е наменета првенствено за Јудејците, односно е содржајна со опис поврзан со нивниот идентитет, мноштво библисти би се согласиле дека истата содржи прилично голем број стихови кои го

[8] A. W. Stewart, “Wisdom’s imagination. Moral reasoning and the Book of Proverbs”, in *Journal for the study of the Old Testament* 40 (3/2016) 351-372, 357.

[9] Сп. T. Frydrych, *Living under the sun. Examination of Proverbs and Qoheleth*, Brill 2002, 51; D. J. A. Clines, “The Wisdom Books”, in S. Bigger (ed.), *Creating the Old Testament*, *The emergence of the Hebrew Bible*, Cambridge 1989, 269-291;

опишуваат карактерот на еврејскиот народ, како и нивната култура. Без интенција да се анализира книгата од тој аспект, пожелно е да го вратиме фокусот на анализата кон разбирање на моралното прашање во книгата. Всушност, за потточно разбирање на нештата, полезно е да го имаме егзегетскиот пристап, односно анализата да е насочена кон внимателно проучување на стиховите, сè со цел да се дојде до вистинската суштина на секоја една книга од Светото писмо, па така и за книгата Изреки што е во фокусот. Од етичка гледна точка пак, добро е да се посочи дека во книгата Изреки не станува збор за поделба на светот на бел и црн, на добар и лош, туку истата ни служи за пример како и на кој начин е правилно да се постапи во прилично голем број ситуации од секојдневниот живот, односно на кој начин човекот правилно да ги донесува своите одлуки, за да не би останал во просторот на мрзеливоста, себичноста, алчноста, себељубието итн. Всушност, книгата Изреки посочува на тоа што значи вистински да се љуби Бог преку несебична љубов кон ближниот, односно човечкото битие да ја започне промената на добро променувајќи се самиот себе, за да може да ја спознае мудроста, да разбира мудра изрека и длабок збор (Изреки 1, 2-6), преку почитувањето на Бог, и сопствените родители (Изреки 1, 7-8). Како што може да се забележи досега, книгата Изреки е богата со поучни стихови кои преку софистицирана поезија и метафори разбрани како олицетворение на моралната сила,[10] нудат еден широк спектар на морални норми од христијански карактер, душеполезни за секој поединец посебно. Сепак, како што забележува Л. Г. Перду, метафорите обликуваат еден посебен поглед на светот. Истите стануваат градежни блокови во лингвистичката конструкција на реалноста и никако не треба да се занемаруваат,[11] а посебно не во книгите од Светото писмо, бидејќи тие се основа преку која обичниот човек доаѓа до спознание на Божјите поуки.

[10] Сп. A. W. Stewart, “Wisdom’s imagination. Moral reasoning and the Book of Proverbs”, 366.

[11] L. G. Perdue, *Wisdom and creation. The theology of wisdom literature*, Eugene 1994, 60.

Доколку се согледа поподробно, може да се забележи дека мудроста е поврзана со редот и поредокот на нештата, односно дар преку кој разумот зрело донесува мислење и одлуки преку кои постапува правилно во текот животот, сè во духот на христијанската љубов.[12] Стравот Господов е ништо повеќе од водилка и светило, односно претставува «полнота на мудроста» (М. Сиракова 1, 16). Потврда за изворот на мудроста наоѓаме и во Новиот завет. Всушност, светиот апостол Павле во своето Послание до Колосјаните јасно вели дека Вистинскиот извор на мудроста е Бог, «во Кого се сокриени сите сокровишта на премудроста и познавањето» (Кол. 2, 3).

## 4. Моралот и мудроста во духот на православната етичка мисла

До сето досега забележано, се согледува дека мудроста како дар Божји е доблесно конститутивен елемент на доброто во човекот; особеност преку која созданието Божјо – човекот, преку својот разум е способен да ја увиди разликата помеѓу она што е правилно и она што е неприкладно, сè со цел да може да донесе правилна одлука во духот на моралноста и христијанската добрина. Од морална гледна точка, станува евидентно дека мудроста е вродена во совеста како составен дел од човековата способност за расудување и развој на моралните човекови капацитети, што во исто време, тој факт нуди потврда дека правилно насочената совест, преку христијанскиот живот, е оружје против лудоста и неразумноста, против меланхолијата и несвесноста, незрелоста и неразмислувањето, особини кои сами по себе се спротивни на мудроста во својата суштина, додека таа мудрост може да придонесе до ништо друго освен до созревање во љубовта кон Бог, односно во пронаоѓање и исполнување на вистинскиот човеков идентитет – вохристовувањето.

Христијанско-антрополошкото гледиште на оваа тема, ја потпомогнува христијанската етика, односно придонесува за акцентирање на важноста и улогата на мудроста во човековиот секојдневен живот, во исто време обидувајќи се да го

[12] «Блажен е човекот што напредува во мудроста, а со разумот свој на работи свети се учи» (Мудрост Сиракова 14, 21).

сруши скептицизмот на секуларната философија и нејзината етичка мисла дека мудроста е составен дел само од стекнатото знаење во текот на созревањето на личноста (wisdom through knowledge),[13] давајќи јасно до знаење дека мудроста, како конструктивен елемент на човековиот карактер, е дар Божји, како што е објаснето погоре, и, преку учеството во светотаинскиот духовен живот, истата се развива и зајакнува, при соединување, односно приближување на човекот до Бога, преку битисувањето во христијанската заедница, односно ближните. Сепак, во христијанската етика не постојат калкулативни мерки за квантитетот на доброто или злото во човекот, ниту пак доброто и злото се ставаат во конвенционални категории, бидејќи христијанската етика е дел од Божјиот Закон и е во соодност со Божјата волја, односно преку Бог се спознава доброто и истото е благословено, додека злото е отфрлено и ништожно.[14] На тој начин, мудроста како дар Божји е доблесна и добра, со други зборови човекот преку неа се стреми кон доброто без никакви математички калкулации, притоа отфрлувајќи го злото од одлуките, животот итн.

Во секој случај, постојат неколку принципи преку кои христијанската етика како нормативна наука, ја појаснува суштината на развојот на мудроста. Тоа значи дека преку аплицирањето на етичките принципи во животот на човекот, мудроста добива еден морален карактер, кој директно е поврзан со донесувањето на моралните одлуки на секојдневно ниво. Истите правила, односно принципи, постојат за да придонесат личноста која се стреми кон доброто, правилно да детерминира која акција, односно решение да донесе, или пак, која одлука на која околност е најправилна. Се чувствува потреба да се објасни дека не станува збор за индивидуални одлуки директно поврзани со лично задоволство или лична

---

[13] Сп. N. Maxwell, "From knowledge to wisdom", in D. Cayley (ed.), *Ideas on the nature of Science*, Fredericton 1994; M. Proios – I. M. Proios, "Christian and secular Ethics. A distinct relationship", in *International Journal of Philosophy and Theology* 2 (3/2014) 75-91.

[14] M. Proios – I. M. Proios, "Christian and secular Ethics. A distinct relationship", in *International Journal of Philosophy and Theology* 2 (3/2014) 75-91, 76.

корист, туку одлуки донесени во духот на заедничкото општо добро, кои не нанесуваат зло никому и се еднакво продуктивни како за поединецот кој ги носи, така и за општеството, семејството, христијанската заедница и сл.

Како што може да се забележи досега, мудроста видена преку христијанско-етичката призма на нештата, се разликува од гледиштето на секуларната етика. Во суштина, за православната христијанска етика, мудроста е дел од Божјата премудрост излиена врз човекот преку дејствието на Светиот Дух, кој го обдарува своето создание со разум, добрина, вера и љубов, преку човекољубието и волјата Божја од моментот на создавањето на светот, додека за обичната световна етика, мудроста претставува само конститутивен елемент на човечкиот интелект, што јасно ја покажува дистинкцијата, односно различниот поим, сфаќање и пристап кон елаборирање на мудроста, нејзиниот идентитет и колокација. Како што вели светиот апостол Павле во своето Послание до Коринтјаните, мудроста која ја проповедаат христијаните е Божја таинствена премудрост, која не е од овој век, а е откриена преку Светиот Дух (1 Кор. 2, 6-10), продолжувајќи во мислата дека христијаните, по Божјо благоволение се обдарени со ум Христов (1Кор. 2, 16), кој сам по себе носи голема чест и одговорност низ текот на овоземниот живот. Да растеме во мудроста значи да се охристовиме, да сме достојни да се наречеме чеда на Христа Исуса, што само по себе значи преумување (metanoia – *μετὰνοια*), здобивање на нов идентитет преку Светата Тајна Крштение – преминот од еден живот во друг и вечна борба со искушенијата, во духот на христијанската вера, заедничарење и сплотеност во молитвата преку духовниот живот.[15] Всушност, преумувањето во библиските сведоштва на Стариот и Новиот завет значи промена или конверзија на погрешната ориентација во животот, односно обраќање кон Бога, и тоа во сите димензии на човекот, емотивни и рацио-

[15] К. Вер, *Православниот Пат*, Скопје 2014, 19: „Метанија (*μετὰνοια*), грчкиот збор за покајание, буквално значи „преумување“. Приближувајќи Му се на Бога, треба да го промениме умот, ослободувајќи се од сите начини на мислење. Треба да ја преобратиме не само нашата волја, туку и нашиот ум.“

нални, кои се демонстрираат со една нова животна практика и цел.[16] Христијанската етика, преку теологијата, егзегетските анализи и проучувања на Светото писмо и Светото предание, преку мудроста и учењето на светите Отци, се смета за човечки одговор на Божјиот повик човекот да се реализира во доброто. Христовото вочовечување, Неговите учења и искупително дело, ја враќаат првобитната врска на Бога со човекот преку очистување и прошка на гревот преку Воскресението. На тој начин Христос станува пат, односно живот за секој христијанин кој расне во добродетелите, одново раѓајќи се преку крштението. Благодарение на Божествената благодат која се излива врз христијанската заедница преку Христовата светотаинствена Црква, човекот одново е способен за себереализирање во личност налик на својот Создател. Џ. Мантзаридис затоа забележува дека моралните вредности втемелени на Божја основа се здрава подлога за секој еден кој несебично се стреми да пребива во Христовата Црква. Новиот живот, во кој верните живеат по благодатта на Светиот Дух, природно се изразува преку добри дела. За човекот да му припаѓа на Христа и да остане член на Неговото тело, тој треба да живее и работи според Неговата Волја.[17] На тој начин преумувањето, односно пребивањето во мудроста, ја раѓа, поточно зајакнува нашата вера во Бог преку односот со Него, нашата љубов кон Бог преку ближниот и нашата надеж за спасение на нашите души во престојниот есхатон. Да се биде мудар во одлуките, во дејствијата, во целокупното битисување сѐ до смртта, значи да се самоизградиме, односно оформиме, и константно да пребиваме во упорноста имајќи го како водилка стремежот за доусовршување, доохристовување, доочистување, сѐ со цел достојно да се наречеме Христови.

[16] H. Vorgrimler, *Nuovo Dizionario Teologico*, EDB, Bologna 2004, 418.

[17] G. I. Mantzarídes, *Etica e vita spirituale. Una prospettiva ortodossa*, EDB, Bologna 1989, 49.

## 5. Мудрост и Премудрост: теолошко-терминолошка анализа

Теолошката дистинкција помеѓу терминот *мудрост* и терминот *премудрост* стои втемелена во следново. Имено, додека мудроста како што е досега објаснето е човекова особина, односно дар од Бога поврзана со разумот, слободата и совеста, премудроста е едно од Божјите својства. Стои напишано во Писмото дека Бог е единствено премудар (1 Тим. 1, 17) и само од Него произлегува вистинската мудрост за луѓето. Од догматски аспект кога се вели дека Бог е премудар, тоа значи дека сите три Лица на Светото Тројство се премудри, но доколку се мисли за премудроста како личносна особина, тогаш истата се придава на Второто Лице од Света Троица, ипостасниот Логос Божји за кого апостол Павле вели «Христа, Божја сила и Божја премудрост» (Кор. 1, 24). Човековата вистинска мудрост е одраз на Божјиот образ и подобие во човекот. Од духовен аспект, тоа значи дека што повеќе човекот е благочестив и благоугоден, толку повеќе е помудар и налик на својот Создател.[18]

Според Булгаков, премудроста не претставува ипостасна особина, но е доктрина преку која човекот го спознава Богооткровението на Троичниот Бог преку Логосот.[19] Тоа според Булгаков значи дека премудроста е несоздадена и предвечна, додека мудроста има свој почеток, односно е создаден дар за созданието Божјо – човекот.[20] Во Христа овие две реалности го означуваат единството на Бога со светот, релацијата Создател – создание, како и Неговото вочовечување преку кое Логосот не ја губи својата Троична ипостас, но во тело, постанува Богочовек преку несоздадената премудрост.[21] Визијата на Булгаков јасно посочува дека Логосот е вистинскиот пример за на кој начин човековото битие треба да се стре-

---

[18] Св. Јован Шангајски и Санфранциски, "Учење о Софији, Премудрости Божијој", website 2012, https://svetosavlje.org/ucenje-o-sofiji-premudrosti-bozijoj/ (accessed 30 August 2019)

[19] Lubomir Žak, "Visione di Dio e visione del mondo nella sofiologia di S. Bulgakov", in *Nuova Umanità* XXL (1/1991) 129-155, 140.

[20] Ibid., 142.

[21] Ibid.

ми кон самоизградба, раст и развој во мудра личност, долж животот. Но следствено на ова, Лоски од друга страна, не се согласува со Булгаков во однос на тоа дека премудроста е доктрина, односно посочува дека во суштина, Бог не се определува со ниту една од Неговите карактеристики, затоа што сите карактерни определби се инфериорни во однос на Него, или со други зборови Неговата суштина – она што Бог е, ги предходи.[22]

### 6. Мудроста во антропо-теолошки контекст

Сепак, карактерот ја олицетворува моралната култура, односно проектира одредени вредности полезни за градење на едно здраво општество, кое во исто време дава слика за тоа што значи да се биде човек.[23] Тоа според христијанската антропологија значи дека градењето на човековиот карактер во духот на христијанската љубов и заедничарење игра клучна улога за развојот на човекот во зрела личност, која преку здравото рацио ќе е способна постојано да се труди кон доближување кон Бога преку запазување на Божјите духовни учења и живот, умножувајќи ги талентите дадени од Својот Создател, притоа пребивајќи во една здрава средина, односно во сопствената христијанска заедница, на тој начин придонесувајќи, преку своите добродетели како за семејството, така и за општеството. Когнитивниот раст е поврзан со духовното знаење и истото се здобива преку пребивањето во христијанска средина, затоа што растот на духовен план е напредување кон совршенството – вечниот стремеж на христијанинот.[24] Тоа е единствениот пат да се доближиме до Бога, затоа што сепак христијанинот преку својот живот ја рефлектира убавината на верата во Бог, следејќи Го.[25] На тој начин мудроста постанува една градителка на човековото битие, една од

[22] V. Lossky, *The mystical theology of the Eastern Church*, SVS Press 1997, 80.

[23] A. W. Stewart, *Poetic ethics in Proverbs Wisdom лiterature and the shaping of the moral self*, Cambridge 2015, 11.

[24] M. Proios – I. M. Proios, “Christian and secular Ethics. A distinct relationship”, 78.

[25] Сп. Christos Yannaras, *Elements of faith. An introduction to Orthodox Theology*, T&T Clark Edinburgh 1991, 14.

даровите Божји преку кои човекот свесно, доброволно и со вера го насочува својот живот кон доброто, кон Бог, преку Неговата милост. Да се биде мудар значи да се биде зрела личност која внимателно, со здраво расудување за нештата ќе е од полза како за себеси, така и за ближните. Преку трезвеното расудување, размислување, човекот правилно расте во слободата и достоинството и постанува личност, создадена според образот и подобието Божјо на Бог премудриот. Секој еден од даровите Божји се алатки со кои, доколку на правилен начин се аплицираат во животот на човековото битие, можат да придонесат за зајакнување на верата, односно врската Создател-создание и на тој начин да го доближат човекот до својот природен хабитат – битисувањето со и за Бога.

Stefan GOGOVSKI
Faculty of Orthodox Theology
Ss. Cyril and Methodius University of Skopje

## THE WISDOM THROUGH THE CHRISTIAN-ETHICAL PRISM. FOR THE CREATOR OF THE HUMAN BEING.

*Summary*

The article, through its pages, systematically conducts a profound analysis of the manifestation of wisdom through the prism of the ethical teaching as an integral part of the orthodox theology. Primary, the significant part of the research is focused on defining wisdom in its true means and how it displays itself in context of the human being. The accent is put on wisdom as a gift of God, the meaning of its growth and demonstration in everyday life, or in other words, in what way the wisdom transforms the human personality by the Christian orthodox perspective. The Orthodox Ethics as a normative science, which through its teaching is more focused on guiding the person towards the moral good, rather to condemnation and rigid legalism, gives great amount of importance to wisdom, considering it as intrinsically linked to conscience and particularly significant for the development of human personality individually.